ЗК ПЕЛАГОНИЈА
А Д Битола, Република Северна Македонија

ЗК Пелагонија АД Битола е водечка компанија во рамките на агробизнисот во Република Северна Македонија.
Основна дејност на Друштвото е примарно земјоделско производство на нивски култури како што се пченица јачмен, маслена репа, сончоглед,пченка зрно, пченка силажа, одгледување на крупен добиток, сточарско производство, рибарство, градинарство и овоштарство.

Високото ниво на техничко – технолошко знаење , континуираното подобрување на квалитетот и квантитетот на млечното производство, воведувањето на нови сорти и високо приносни хибриди придонесуваат за зајакнување на позицијата на Друштвото на домашниот пазар и отворање на простор за освојување на странски пазари во регионот.

Нашата компанија прави особени напори за доследно пратење на светските трендови во земјоделството, со постојано инвестирање во зголемување на обработливите површини и сточниот фонд, со што компанијата го има приматот на најголем производител на храна во земјата.

**ЗК Пелагонија АД Битола има потреба од следната работна позиција:**

**ОДГОВОРЕН ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

**Опис на работното место**:

- Идентификување на потребите за регрутирање на нови вработени ( краткорочни и долгорочни потреби);
- Анализа на работните места и компентенциите на вработените, планирање на вработување, избор и вработување;
- Организација на целиот процес на избор на кандидати;
- Подготовка и организација на развојни планови на вработените (преку образование, сертифицирањен и сл.) ;
- Учество во изготвување на општи акти од областа на работни односи;
- Развој на процедури и регулативи од областа на човечки ресурси;
- Водење евиденција на вработени;
- Подготовка на документација од областа на работата;

- Водење евиденција за работно време и годишни одмори
- Поставување и дефинирање планови за позиционирање на компанијата како посакуван работодавач;
- Други работни задачи побарани од работодавачот;

**Квалификации**:

- Високо образование – Правен факултет/ Економски факултет
- Претходно работно искуство од најмалку 3 години
- Одлично познавање на Англиски јазик, познавање на друг странски јазик ќе се смета за предност
- Одлично познавање на Microsoft Office пакетот (Word, Excel, Power Point, Outlook)
- Искуство во раководење со тим
- Возачка дозвола Б категорија

**Личен профил**:

- Високо развиени комуникациски и организациски вештини
- Способност за тимска работа, формирање и водење тим
- Способност за работа под притисок и во кратки рокови
- Способност за комуникација со вработени на различни нивоа и справување со комплексни ситуации

Кандидатите кои ги исполнуваат горенаведените услови, своите професионални биографии (CV) со назнака ,,Одговорен за човечки ресурси" можат да ги испратат на е-маил: info@zkpelagonija.mk.

Работното место се однесува за Битола.
Сите пристигнати биографии ќе се третираат со максимална доверливост.
Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат повикани на интервју.